# ORGANIZATION OF THE WORK IN SCHOOLS

**Besa Dogani**
University of Tetovo, North Macedonia, besa.dogani-ut@unite.edu.mk

Abstract: An effective and efficient school needs a well-thought-out and prepared work planning process, which will ensure that work activities are performed well and on time, employees receive regular feedback and continuous training related to improving the work of employees are regularly organized. Each body should have its own annual work plan, which is practically the basis for the individual work plan. Without such a process of planning and monitoring of the working activities, the school will operate in an ad hoc manner and thus will often get into crisis situations, and the students who in fact are its direct beneficiaries, will not be satisfied with the services received. This kind of setting does not allow improvisation and formal approach towards some aspects of the school operation. Fostering dialogue between all individuals involved in the educational process of students, is the basis for successful follow-up of the activities undertaken in order to achieve quality performance.
It is an effective process that helps all subjects, including students, to communicate, collaborate and make choices. The educational activity of the primary school is performed according to the curriculum adopted by the Minister of Education and Science.
Primary schools enable all citizens of the Republic of North Macedonia to exercise the right to primary education with organized teaching and other forms of educational work, to the extent determined by the Law on Primary Education, respectively the curriculum and teaching programs for primary education.
This survey has aimed to alleviate the adaptation difficulties that can cause behavioral changes.
**Keywords**: School, education, students, feedback, dialog, performance

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

**Беса Догани**
Универзитет во Тетово, Северна Македонија, besa.dogani-ut@unite.edu.mk

**Резиме:** Ефективно и ефикасно училиште има потреба од добро осмислен и подготвен процес на планирање на работата, кој ќе обезбеди работните активности да се извршуваат добро и на време, вработените редовно да добиваат повратна информација и редовно да се организираат континуирани обуки поврзани со подобрување на работата на вработените. Секое тело, треба да има свој годишен план за работа, кој практично е основа за индивидуалниот план за работа. Без ваков процес на планирање и следење на работата, училиштето ќе работи ад хок и така често ќе влегува во кризни ситуации, а неговите директни корисници, учениците нема да бидат задоволни од услугите кои ги добиваат. Ваквата поставеност не дозволува импровизација и формален пристап кон некои аспекти од работењето на училиштето. Негувањето на дијалог меѓу сите индивидуи вклучени во образовниот процес на учениците, претставува основа за успешно надоврзување на преземените активности со цел да се реализира квалитетна изведба. Тоа е ефикасен процес кој им помага на сите субјекти, вклучително и учениците да комуницираат, соработуваат и да прават избор. Воспитно-образовната дејност на основното училиште се изведува според наставен план и наставни програми што ги донесува министерот за образование и наука.
Основните училишта им овозможуваат на сите државјани на Република Македонија да го остварат правото на основно образование со организирана настава и други облици на воспитно-образовна работа и тоа во обем што се одредува со Законот за основно образование, односно со наставниот план и наставните програми за основното училиште.
**Клучни зборови**: Училиште, образование, ученици, повратна информација, дијалог, перформанса

## 1. ВОВЕД

Во целокупната организација на работата на училиштето, организацијата и реализацијата на наставата е основна функција на секое училиште.
Наставните програми содржат општа цел за наставата (по соодветниот предмет) и задачи за наставата со кои се конкретизира општата цел. За секоја заокружена целина (тема) од програмата паралелно се дадени содржините, знаењата, способностите, средствата и активностите. Направен е обид да се утврдат каталози на основните знаења и способности. Сепак, тоа не е направено потемелно и со право може да се каже дека

очекуваните знаења и способности што се предвидени со наставните програми за учениците не се целосно емпириски проверени.

Со моделите за планирање на наставата, исто така, се нагласени барањата за нов пристап во планирањето и организацијата на наставата во согласност со развојните и образовните потреби на учениците, меѓутоа и покрај тоа што е прифатен концептот за развојно-процесно и содржинско планирање, претежно знаењата се проверувани, а за вештините и ставовите постојат искази и термини кои покажуваат очекувани постигања.

Трудот нуди преглед кој прави компарација помеѓу осумгодишното основно образование и деветгодишното образование, односно на поделбата на воспитно-образовниот процес во три образовни периоди, од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Истражувањето според дизајнот од методолошки аспект е описно. Паралелно е применет и методот на казуална дескрипција со кој се опишува придонесот на проектираниот модел на премин од одделенска во предметна настава со примена на партивципативен пристап на наставниците – одделенски и предметни – и стручната служба за обезбедување на поуспешна организација на воспитно образовниот процес. Претходното укажува дека се применети сите модалитети на описниот метод, што значи е направена анализа, компарирање и генерализирање на состојбата.

Од техниките кои се искористени во ова истражување се следниве: анкета, интервју и анализа на документацијата. Прибирањето на податоци во најголем дел е извршено преку испитување (анкета и интервју), додека пак преку анализа на содржината се дополнуваат сознанијата добиени преку претходно наведените техники.

Од мерните инструменти при реализацијата на ова истражување се користени: два анкетни прашалници од комбиниран тип, потсетник за насочено интервју и формулар за анализа на содржината.

Со првиот анкетен прашалник се испитуваат ставовите и мислењата на наставниците во училиштата, а со вториот претставниците на родителите. Прашалникот за наставници содржи 27 прашања кои се однесуваат на нивните ставови за прифатеност и примена на партиципативниот пристап. Прашалникот за репрезентанти од родителите содржи 12 прашања и истите даваат одговори за нивната информираност за начинот на реализирање на настава во училиштето како и за нивното учество во наставниот процес и преферираните стилови. Потсетникот за насочено интервју е наменет за испитување на педагошко-психолошката служба која е задолжена за следење и унапредување на воспитно - образовниот процес во училиштата. Тој содржи 27 прашања кои се однесуваат на нивните ставови за прифатеност и примена на партиципативниот пристап на ниво на училиште. Формуларот за анализа на содржината и користен за да се испита и потврди реалната слика за однесувањето на сите одговорни субјекти во училиштето.

Во ова истражување се користени неколку постапки за обработка на податоците.

Квантитативната анализа се однесува на анкетните прашалници за наставници и родители како и интервјуто за претставниците на педагошко-психолошката служба. Одговорите се претставени описно и графички. За докажувањето на хипотезите е спроведена квалитативна анализа на добиените резултати. За појасна претстава на бодирањето, добиениот просек на бодови за секоја варијабла е поделен со бројот на испитаници со што се добива аритметичка средина на испитуваната варијабла која може да се движи од мин. 0,00 до максимум 2,00. Аритметичката средина поголема од 1 ја потврдува варијаблата, додека аритметичка средина помала од 1 ја отфрла.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Првата посебна хипотеза се однесува на размена на определени содржини по некои предмети меѓу одделенските наставници. Во ваков случај се подразбира еден одделенски наставник во петто одделение во вториот образовен период да реализира некои содржини по мајчин јазик и физичко образование во сите паралелки, друг математика и ликовно образование итн. Ваквата размена на содржини би била со меѓусебна согласност на наставниците и според индивидуалните афинитети.

Добиените резултати прикажани на табелата погоре покажуваат дека најголем број од испитаните наставници (61,25%) а особено педагозите односно психолозите (75%) сметаат дека е потребна меѓусебната поделба на наставни содржини меѓу одделенските наставници од една генерација како фактор за поуспешна адаптација на учениците во наредниот образовен период. На графиконот подолу се дадени податоците за добиените одговори од двете групи на испитаници.

***Графички приказ број 1***




Констатираната состојба во училиштата покажува дека не се преземаат активности за меѓусебна поделба на наставните содржини меѓу одделенските наставници од една генерација. Ваквото тврдење е поткрепено со тоа што речиси 2/3 од наставниците и соработниците укажуваат дека не се практикува ваков тип на настава.

***Графички приказ број 2***




Иако не се практикува размена на содржини, меѓу одделенските наставници доминира мислењето (75% од наставниците и сите испитани стручни соработници), дека размената на наставни предмети меѓу одделенските наставници доведува до зголемена љубопитност кај учениците за наредниот образовен период.

***Графички приказ број 3***



Сите испитани наставници и стручни соработници се согласни дека пријавената љубопитност кај учениците предизвикана од размената на наставни содржини меѓу одделенските наставници доведува до позитивно мислење за наредниот образовен период настава кај истите.

***Графички приказ број 4***




Врз основа на претходното, како логичен редослед, добиени се и податоци кои укажуваат дека позитивното мислење за третиот образовен период оди во прилог на успешна адаптација на организацијата на наставата при премин од еден во друг образовен период. Ваквото тврдење без исклучок го прифаќаат сите испитаници, без разлика дали се наставници или стручни соработници во испитаните училишта.

***Графички приказ број 5***




Со висок процент, испитаниците сметаат дека пренесувањето на информации за размената на наставни предмети меѓу одделенските наставници помеѓу учениците и родителите доведува до градење на позитивен став за наредниот образовен период.

**4. ДИСКУСИЈА**

Осумгодишното училиште беше „поделено" традиционално, на одделенска настава (од 1-во до 4-то одделение) и предметна настава (од 5-то до 8-мо одделение). Преминот од еден вид настава во друг за многу ученици претставуваше проблем, бидејќи по 4-то одделение одеднаш се зголемуваше бројот на предметите, бројот на наставниците, а се зголемуваа и барањата и очекувањата од учениците.

Во деветгодишно основно училиште има три периоди кои што ќе овозможат постапно, а со тоа и полесно преминување на учениците од пониските во повисоките одделенија. Сепак, анализата на програмските содржини покажува дека е потребно е дополнително преземање на активности со цел да се зголеми успешноста на адаптацијата на учениците при преминот од еден во друг образовен период. Во услови на интензивирање на внатрешните промени на содржината и организацијата на основните училишта со цел да се подобри квалитетот на наставата и образованието, се налага потреба состојбите со иницијалното образование на наставниците и нивната дополнителна обука да бидат континуирано следени и вреднувани.
Во развиените држави внатрешната организација на задолжителното образование е различна во зависност од целокупната структура на училишните системи, вклучувајќи ги предучилишното воспитание, основното образование, како и нижото и вишото средно образование.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Преку утврдувањето на партиципативноста и нејзиното практикување, сите субјекти вклучени во тој процес, непосредно влијаат врз интегралното обезбедување на успешна организација на работата на училиштето.
Истражувањето покажа дека вработените во училиштата како и родителите на учениците кои ја посетуваат наставата во тие училишта, имаат високо развиена свест за партнерството, како средство за поуспешно извршување на работните задачи. Тука се вклучени - подобрувања во комуникацијата како интерната така и екстерната, поефикасно настапување во совладувањето на пречките кои се јавуваат кај учениците при преминот од еден во друг образовен период.
Може да се констатира дека практикувањето на партиципативниот пристап има значително влијание на многу аспекти од целокупното работење и функционирање како на вработените така и на училиштата и на нивното опкружување. Самиот комплексен процес на градење на инфраструктура, односно развој на училиштата бара повеќе отколку само вештини, луѓе и планови. Тој бара посветеност и учење. Тој бара и време, желба, обука и тимови.
Деветгодишното образование, во однос на осумгодишното образование каде што наставата беше поделена на одделенска и предметна настава покажува значително подобрување во однос на приспособувањето на учениците при преминот од еден во друг образовен период, усвојувањето на знаењата и вештините.
Ваквата организираност на целокупната воспитно-образовна работа поделена во три образовни периоди покажа видливи резултати во самото организирање на училиштето.

**ЛИТЕРАТУРА**

Ангеловска-Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието, Битола: Киро Дандаро
Гогоска, Л. (2010). Воспитни крстопати, КАТ Продукција, Скопје
Мирела, И. (2019). Стручните органи во средните училишта за гимназиско образование во функција на професионалната ориентација на учениците, Лума График, Тетово
Стоилковска, А. (2005). Како да се изгради здрава училишна клима, Херакли-комерц, Битола
Смилевски, Ц. (2000). "Предизвикот и мајсторството на организациските промени", Детра центар, Скопје
Baruti, K. K. (2020). The Assistant Principal 50: Critical Questions for Meaningful Leadership and Professional Growth, Association for Supervision & Curriculum Development
Cotton, K. (2000). The schooling practices that matters most. SIRS: Northwest Regional Educational Laboratory
Lulzime, L.K. (2016). Komunikimi midis mësimdhënësve dhe nxënësve në shkollë, Çabej, Tetovë
Teresa, K., & James, A. (2017), Learning to Teach in the Primary School, Ars Lamina, Skopje
Tomlison, C.A. (2014). The Differentiated Classroom: Responding to the Needs of All Learners, Association for Supervision & Curriculum Development